**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Скопје, 2023 година

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Член 1**

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 11/23) во член 44 ставот (4) се менува и гласи:
„Доколку во планската програма се предвидува проширување на планскиот опфат заради реализација на градби за коишто со закон не е утврден јавниот интерес, а проширувањето се врши на сметка на земјоделско земјиште, изработувачот на програмата е должен да ги извести за планираната пренамена сопствениците на земјоделското земјиште за да го овозможи нивното информирано и навремено изјаснување по повод програмираното проширување на планскиот опфат, како и задолжително обезбедува податоци и информации од член 47 од овој закон од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделското земјиште, кои стануваат составен дел на планската програма.“

По ставот (4) се додаваат два нови ставови (5) и (6) кои гласат:
„(5) Кога со планската програма се планира наменска зона за енергетски градби (хидроелектрични централи, термоелектрични централи, нуклеарни електрани, ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, електрани на биогориво и површински соларни и фотоволтаични електрани), а истата е потребна за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење или урбанистички план вон населено место, со планскиот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од I и II катастарска класа односно со планскиот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од III и IV катастарска класа, само доколку во конкретната катастарска општина нема земјоделско земјиште од I и II катастарска класа.

(6) По исклучок од став (5) на овој член одредбите во врска со зафаќањето на земјоделското земјиште од I до IV катастарска класа не се применуваат доколку со планската програма, потребна за донесување на урбанистичкиот план, се планираат градби за кои со посебен закон е уреден стратешкиот интерес.“

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

**Член 2**

Членот 45 се менува и гласи:

„(1) Изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање, се врши на три начина:
1. Изборот е уреден со одредбите на овој закон,
2. Изборот се врши врз основа на јавен оглас согласно Законот за јавните набавки, и
3. Изборот го вршат заинтересираните правни и физички лица што го иницирале и го финансираат изработувањето на планот.

(2) Изборот на вршителот на работите од урбанистичкото планирање за работите што ги вршат Агенцијата за планирање на просторот и Јавната установа за урбанизам, се уредени со овој закон, а поточно се уредуваат во актите за нивното основање.

(3) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање што ги вршат правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови, за планови и проекти финансирани со средства од буџетот на општината, општината на градот Скопје и градот Скопје се спроведуваат на начин и постапка согласно Законот за јавните набавки.

(4) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање што ги вршат правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови, за планови и проекти финансирани со средства од страна на заинтересирани правни и физички лица од членот 40 од овој закон и за урбанистичките планови за подрачја и градби од државно значење за кои не е поднесена иницијативата од членот 39 од овој закон, се врши од страна на заинтересираните лица.

(5) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање врз основа на јавниот оглас, го врши комисија за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти од ставот (3) на овој член, која е составена од најмалку три члена, од кои најмалку еден е стручно лице архитект урбанист.

(6) На јавниот оглас од став (1) точка 2 на овој член може да се пријават правни лица со лиценца за вршење на работите од урбанистичкото планирање согласно овој закон.

(7) Јавниот оглас се објавува согласно со Законот за јавните набавки, а на веб-страната на општината се објавува известување за објавениот јавен оглас.

(8) Јавниот оглас од став (1) точка 2 на овој член за постапката за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти содржи тендерска документација со:
1. потребни податоци за планскиот односно проектниот опфат,
2. период за изработување на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект,
3. потребна документација за докажување и исполнување на критериумите од ставот (9) на овој член што треба да се достави,
4. рок и начин за доставување на понудата,
5. датум, време и место на отворање на понудите.

(9) Услови за доделување на договор на јавниот оглас се врши врз основа на следниве критериуми:
1. техничка и професионална способност (кадровска и техничка опременост на правното лице, референтна листа на извршени работи и претходни позитивни стручни референци од работите што се предмет на јавниот оглас), и
2. економска и финансиска состојба.

(10) Вредноста на работите од урбанистичкото планирање се утврдува согласно тарифникот за урбанистичко планирање од член 81 на овој закон и не се користи електронска аукција за постапката за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за јавните набавки.

(11) За особено сложени и значајни подрачја и градби, изборот на изработувачот на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект треба да се изврши по пат на распишување на јавен оглас за конкурс за избор на идејно урбанистичко-архитектонско решение согласно Законот за јавните набавки, при што потребата за урбанистичко-архитектонски конкурс може да биде утврден и со план од повисоко ниво на планирање. Авторот на највисоко рангираното решение станува изработувач на планот, доколку ги исполнува и другите општи услови за вршење на работи на изработување на урбанистички планови пропишани со овој закон.

(12) Предмет на јавен оглас за конкурс за избор на идејно урбанистичко-архитектонско решение може да биде изнаоѓање на најдобро урбанистичко решение за зафатот, без обврска за избор на изработувач на планот и изработка на планот и треба да биде наведено уште во одлуката за распишување на конкурсот.

(13) Начинот на подготовка и елементите кои ги содржи јавниот конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.“

**Член 3**

Во член 60 став (2) алинејата 2 се менува и гласи:
„- идеен проект од архитектонската струка за згради, односно идеен проект од градежната или другите соодветни технички струки за инфраструктури, во зависност од природата на градбите и предметното барање уредено со проектната програма за кои градби се изработува урбанистичкиот проект. Идеен проект не се изработува за урбанистички проект со план за парцелација од член 63 од овој закон.“

**Член 4**

Во член 62 во ставот 4 по зборовите „стручната ревизија“ се додаваат зборовите „на урбанистичкиот проект“.

По ставот (13) се додаваат три нови ставови (14), (15) и (16) кои гласат:
„(14) Содржината на проектна програма потребна за изработка и одобрување на урбанистичкиот проект од член 58 став (6) од овој закон соодветствува на содржината на планската програма од член 44 од овој закон.

(15) Кога со проектната програма од став (14) на овој член се планира наменска зона за енергетски градби (хидроелектрични централи, термоелектрични централи, нуклеарни електрани, ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, електрани на биогориво и површински соларни и фотоволтаични електрани), а истата е потребна за изработка и одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со проектниот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од I и II катастарска класа односно со проектниот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од III и IV катастарска класа, само доколку во конкретната катастарска општина нема земјоделско земјиште од од I и II катастарска класа. Одредбите од овој став во врска со зафаќањето на земјоделското земјиште од I до IV катастарска класа не се применуваат доколку со проектната програма се планираат градби за кои со посебен закон е уреден стратешкиот интерес.

(16) Изменување и дополнување на урбанистички проект се врши со истата постапка уредена во овој член за изработување и одобрување на урбанистички проект, доколку измената и дополнувањето е за истиот проектен опфат и за истата намена на земјиштето од одобрениот урбанистички проект, а во постапката за одобрување на измената и дополнувањето на урбанистичкиот проект се прибавуваат само мислења од институциите заради кои се врши измената. Додека урбанистички проект со кој се изменува проектниот опфат или намената на земјиштето на предходно одобрен урбанистички проект се врши со истата постапка уредена во овој член за изработување и одобрување на урбанистички проект, а промената на проектниот опфат е исклучиво на земјиште сопственост на барателот.“

**Член 5**

Во член 63 во ставот (1) зборовите „катастарска парцела во плански опфат“ се заменуваат со збровите „катастарска парцела во наменска зона предвидена со план без детална регулација“.

Во ставот (9) по зборовите „од овој закон“ запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (10) се менува и гласи:
„(10) Урбанистички проект со план за парцелација се одобрува веднаш по донесување одлука од страна на Советот на општината, општината на градот Скопје и градот Скопје со која тој станува

составен дел на урбанистичкиот план и се применува по извршување на дејствијата од член 52 и член 53 од овој закон.“

**Член 6**

Во член 68 став (2) во точката 2 зборот „пет“ се заменува со зборовите „три лица,“.

Во ставот (4) зборовите „извод од регистарот“ се заменуваат со зборовите „потврда дека е запишан во регистарот на правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на стручна ревизија“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Формата и содржината на барањето за издавање на лиценца од ставот (2) на овој член, формата и содржината на барањето за издавање на потврда од ставот (4) на овој член, формата и содржината на барањето за издавање на овластување од членот 67 став (2) од овој закон и потребната документација, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.“

**Член 7**

Во членот 93 зборовите „четири години“ се заменуваат со зборовите „шест години“.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.